Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/2024), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020, 4/2021, 23/2022 и 2/2023), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

# РЕШЕНИЕ
**за објавување на Програма за активностите на Општина Карпош во областа на детска, социјална и здравствена заштита за 2026 година**

1. Се објавува Програма за активностите на Општина Карпош во областа на детска, социјална и здравствена заштита за 2026 година, донесена на 6. седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 26 декември 2025 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-11062/12**
**Датум:29.12.2025 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Сотир Лукровски**

Врз основа на член 22, став 1, точка 7 и 9; член 36, став1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002) и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/2024), Советот на Општина Карпош, на 6. седница, одржана на 26 декември 2025 година, донесе

# ПРОГРАМА
## за активностите на Општина Карпош во областа на детска, социјална и здравствена заштита за 2026 година

## I. Развојни приоритети и цели

Програмата дефинира повеќе приоритети од областа на детската, социјалната и здравствената заштита, кои треба да придонесат за унапредување на социоекономската и здравствената заштита на граѓаните на Општина Карпош и тоа:

- Детска заштита – вклучување на сите деца во ЈУОДГ, унапредување на воспитно згрижувачката дејност и други активности;

-Парична помош за новороденчиња, лица/семејства во социјален ризик, за потешко лекување и пожар или поплава во домот;

-Хуманитарни акции наменети за граѓаните во социјален ризик;

- Подобрување на квалитетот на живеење на граѓаните и вклучување на маргинализирани групи ;

## II ПРОЕКТНИ АКТИВНОСТИ

| 1. | **Инклузија на деца од ромската популација во ЈУОДГ „Пролет“** |
|---|---|
| **Опис на активности:** | Преку воспитно образовните програми кои што се реализираат за предучилишно воспитување и образование е планирано вклучување на децата од ромската популација.<br>Во групите во кои што престојуваат децата особено внимание се посветува на едукативно-социјалните активности. |

| | |
|---|---|
| **Стратешки насоки и цели:** | Поради непостоење на предучлишна установа во населбата Злокуќани, децата од оваа населба се згрижуваат во ЈУОДГ „Пролет " во населбата Влае 1.<br>Во соработка со Министрeството за труд и социјална политика Општина Карпош,е партнер и успешно го спроведува овој проект.<br>Целта на проектот е отстранување на постоечките бариери за пристап до предучилишните установи на деца Роми на восраст од 3 до 6 години ,инклузија на децата и нивна социјализација како и зајакнување на свеста кај нивните родители за важноста на раниот детски развој и образованието на нивните деца. |
| **Очекувани резултати:** | • Интегрирање во социјалниот живот<br>• Подготовка за вклучување во воспитно-образовен процес<br>• Намалување на девијантните појави |
| **Целна група:** | Деца од предучилишна возраст од ромската популација од населбата Злокуќани |
| **Предвидена финансиска рамка:**<br>**Реализатор:** | **200.000 денари**<br><br>Општина Карпош |
| **Трошоци:** | -Престој за 15 деца од населбата Злокуќани до градинката „ Пролет " во населбата Влае. |

| 2. | **Обновување и унапредување на дидактичките материјали во Јавните установи општински детски градинки** |
|---|---|
| **Опис на активности:** | -Обновување на еколошки дидактички материјали за децата од предучилишните установи. |
| **Стратешки насоки и цели:** | • Повлекување од употреба на стари и не фунционални играчки за децата.<br>• Континуирано обновување на еколошки дидактички материјал поприфатлив за работа на децата од предучилишна возраст и лесен за одржување. |

| | |
|---|---|
| **Очекувани резултати:** | • Поквалитетна воспитно-образовна работа.<br>• Подобрување на психо-физички развој на децата.<br>• Стекнување работни навики и чувство за развивање на одговорно однесување.<br>• Поголема социјализација меѓу децата, правила во однесувањето и меѓусебно почитување. |
| **Целна група:** | Деца од предучилишна возраст. |
| **Реализатор:** | Општина Карпош |
| **Предвидена финансиска рамка:** | **300.000,оо ден.** |
| **Трошоци:** | Набавка на еколошки дидактички материјали и играчки за децата од предучилишните установи -300.000,оо ден. |
| **Овластување:** | Градоначалникот ќе ја спроведе постапката во сите фази |

ПАРИЧНА ПОМОШ ЗА НОВОРОДЕНЧИЊА, ЛИЦА/СЕМЕЈСТВА ВО СОЦИЈАЛЕН РИЗИК, ЗА ПОТЕШКО ЛЕКУВАЊЕ ,ПОПЛАВА ИЛИ ПОЖАР

| 3. | **Парична помош за лица/семејства во социјален ризик и лекување** |
|---|---|
| **Опис на активности:** | Еднократен паричен надомест кој се доделува еднаш во годината за:<br>-лица/семејства во состојба на социјален ризик<br>- лекување<br>-поплава или пожар<br>За остварување на правото на паричен надомест согласно Правилникот донесен од Советот на Општина Карпош и Јавниот повик објавен на веб страната на Општина Карпош,во прилог на барањето, потребно е да се достави соодветна документација .Покрај ова службите вршат увид увид во домот на барателот .<br>Поднесените барања ги разгледува Комисија во која Градоначалникот ќе именува членови од редот на општинската |

| | |
|---|---|
| | администрација<br>Покрај паричната помош на граѓаните им се пружаат и други видови на поддршка и тоа:<br>- психо-социјална помош<br>-упатување во соодветна институција за остварување на нивните права |
| **Стратешки насоки и цели:** | • Поддршка за лица/семејства кои во моментот се нашле во состојба на социјален ризик,<br>• Психо-социјална поддршка<br>• Поддршка за лекување<br>• Парична помош |
| **Очекувани резултати:** | Намалување на бројот на лица/семејства кои се во социјален ризик или помош за лекување и подобрување на здравствената состојба кај болните лица |
| **Целна група:** | Лица/семејства во социјален ризик и болни лица |
| **Предвидена финансиска рамка:**<br>**Реализатор:** | **4.000.000,оо ден.**<br><br>Општина Карпош |
| **Трошоци:** | Парична помош за лица/семејства:<br>-кои се нашле во состојба на социјален ризик -за лекување<br>-за поплава или пожар |

| **4.** | **Парична помош за поплава или пожар** |
|---|---|
| **Опис на активности:** | Паричен надомест кој се доделува еднаш во годината за:<br>-за поплава или пожар кои предизвикале поголема материјална штета<br>За остварување на правото на паричен надомест согласно Јавниот повик објавен на веб страната на Општина Карпош,во прилог на барањето, потребно е да се достави соодветна документација. Поднесените барања ги разгледува Комисијата за доделување на еднократна парична помош составена од советници и вработени во |

| | |
|---|---|
| | општинската администрација, а формирана од Градоначалникот. |
| **Стратешки насоки и цели:** | Поддршка за лица/семејства кои во моментот се нашле во состојба на социјален ризик, како резултат на настанат пожар или поплава |
| **Очекувани резултати:** | Финансиска помош и поддршка |
| **Целна група:** | Лица/семејства жители на Општина Карпош |
| **Предвидена финансиска рамка:**<br>**Реализатор:** | **500.000,00 ден.**<br>Општина Карпош |
| **Трошоци:** | Парична помош за лица/семејства:<br>-за поплава или пожар кои предизвикале поголема материјална штета |

| 5. | **Еднократна парична помош за секое новородено/посвоено дете** |
|---|---|
| **Опис на активности:** | Информирање на граѓаните од Општина Карпош, за условите за остварување на правото за парична помош за секое новородено и посвоено дете на територија на општината преку Јавен повик објавен на веб страната на Општина Карпош.<br>За остварување на право на еднократна парична помош, потребно е да се исполнат следните критериумите :<br>-Еднократна парична помош се доделува на секое новородено и посвоено дете, чии што родители се жители на Општина Карпош , што се утврдува со документ за лична идентификација и<br>-На денот на поднесување на Барањето , новородончето да не е постаро од 90 дена<br>-Вкупните приходи на родителите да не бидат повисоки од 60.000 денари<br>Ако едниот или двајцата родители се невработени , потребно е да доставаат потврда од Агенцијата за вработување на РСМ или друг документ со кој ќе се потврди тоа. |

| | |
|---|---|
| **Стратешки насоки и цели:** | Финансиска поддршка за семејствата.<br>Информирање и упатување на семејствата за остварување на нивните права и од други соодветни институции во државата. |
| **Очекувани резултати:** | Очекуваниот резултат е младите семејства да добијат конкретна и практична поддршка , а општината да ја зајакне својата улога во спроведување на позитивна демографска политика и поттикнување на младите да создаваат семејства. |
| **Целна група:** | Лица/семејства кои ги исполнуваат утврдените критериуми |
| **Предвидена финансиска рамка:**<br>**Реализатор:** | **300.000,оо ден.**<br><br>Општина Карпош |
| **Трошоци:** | Еднократна парична помош во износ од 8.000,оо денари за секое новородено/посвоено дете согласно утврдените критериуми. |

| | |
|---|---|
| 6. | **Вредносен ваучер за секое новородено/посвоено дете** |
| **Опис на активности:** | Информирање на граѓаните од Општина Карпош, за условите за остварување на правото на вредносен ваучер за секое новородено/посвоено дете, преку Јавен повик објавен на веб страната на Општина Карпош.<br>За остварување на право на вредносен ваучер, потребно е да се исполнат следните критериуми :<br>-Вредносен ваучер во износ од 3 000,00 денари се доделува на секое новородено и посвоено дете, чии што родители се жители на Општина Карпош ,што се утврдува со документ за лична идентификација и<br>-На денот на поднесување на Барањето новородончето да не е постаро од 90 дена<br>-Родителите кои го оствариле правото на еднократна парична помош за новороденче во износ од 8000,00 денари од точка 5.од оваа програма немаат право на вредносен ваучер. |
| **Стратешки** | Финансиска поддршка за семејствата. |

| | |
|---|---|
| **насоки и цели:** | |
| **Очекувани резултати:** | Очекуваниот резултат е младите семејства да добијат конкретна и практична поддршка , а општината да ја зајакне својата улога во спроведување на позитивна демографска политика и поттикнување на младите да создаваат семејства. |
| **Целна група:** | Лица/семејства кои ги исполнуваат утврдените критериуми |
| **Предвидена финансиска рамка:**<br>**Реализатор:** | **1.500.000,оо ден.**<br><br>Општина Карпош |
| **Трошоци:** | Вредносен ваучер во износ од 3.000,оо денари за секое новородено/посвоено дете согласно утврдените критериуми. |

## ХУМАНИТАРНИ АКЦИИ НАМЕНЕТИ ЗА ГРАЃАНИТЕ ВО СОЦИЈАЛЕН РИЗИК

| | |
|---|---|
| 7. | **Хуманитарна акција -**<br>**„ Да бидеме хумани за нашите соседи “** |
| **Опис на активности:** | Хуманитарната акција „ Да бидеме хумани за нашите соседи“ веќе традиционално се организира од Општина Карпош два пати во годината.<br>Акцијата се организира :<br>• По повод Велигденските празници<br>• По повод роденденот на Општина Карпош- 3 ноември<br>Акцијата се реализира преку собирање на прехранбени и хигиенски производи донирани од општинската администрација, децата од основните училишта и предучилишните установи од Општина Карпош, граѓаните- преку донирање во Урбаните заедници и општествено одговорни компании.<br>По завршувањето, собраните производи се пакуваат и се доделуваат на лица/семејства во социјален ризик од Општина |

| | |
|---|---|
| | Карпош. |
| **Стратешки насоки и цели:** | • Подобрување на социјалната состојба на лицата/семејства во социјален ризик<br>• Грижа за ризичните групи на граѓани<br>• Развивање на чувството за емпатија и хуманост уште од најмала возраст |
| **Очекувани резултати:** | Подобрување на состојбата на лицата/семејства во социјален ризик. |
| **Целна група:** | Лица/семејства во социјален ризик |
| **Предвидена финансиска рамка: Реализатор:** | **30.000,оо ден**<br><br>Општина Карпош |
| **Трошоци:** | Вреќи за пакување<br>Трошоците се предвидени за две хуманитарни акции. |

## ПОДОБРУВАЊЕ НА КВАЛИТЕТОТ НА ЖИВЕЕЊЕ НА ГРАЃАНИТЕ ОД ОПШТИНА КАРПОШ

| 8. | **Одбележување на 3-ти Декември - Денот на лицата со попреченост под мотото „Сите сме исти , сподели среќа “** |
|---|---|
| **Опис на активности:** | По иницијатива на Градоначалникот, по повод 3 Декември- Денот на лицата со попреченост се организира средба. На средбата се споделуваат искуства, проблеми со кои се соочуваат лицата со попреченост и се предлагаат можности за нивно решавање.<br>По тој повод се доделува еднократна парична помош во износ од 5.000,оо денари на лицата со попреченост во согласност со Јавниот повик објавен на веб страната на Општина Карпош . |
| **Стратешки насоки и цели:** | • Намалување на осаменоста лицата со попреченост<br>• Интегрирање во општествениот живот и нивна социјализација.<br>• Активности кои може да ги превземе општината со цел за подобрување на квалитетот на живеење, обезбедување и олеснување на нивното движење преку поставување на |

| | |
|---|---|
| | пристапни рампи.<br>• Разгледување на можност за нивно вработување.<br>• Делумно подобрување на здравствената состојба и рехабилитација |
| **Очекувани резултати:** | • Вклучување на лицата со попреченост во социјалниот живот.<br>• Олеснување на животот и социјализација на семејствата кои имаат лица со попреченост.<br>• Ефектите од досегашните активности кои ги превземала општината (давање на психосоцијална поддршка, парична помош и помош во пакети со храна и корегирање и изградба на пристапни рампи пред индивидуалните и колективни станбени објекти ). |
| **Целна група:** | Лицата со попреченост:<br>- лица со физички хендикеп<br>- лица со оштетен вид(слепи и слабовидни)<br>-лица со оштетен слух(глуви и наглуви)<br>-интелектуално попречени лица<br>-лица со попреченост во говорот<br>-аутистични деца<br>-лица со комбинирани пречки во развојот |
| **Предвидена финансиска рамка:**<br>**Реализатор:** | **1.500.000 ден.**<br>Општина Карпош |
| **Трошоци:** | -доделување на еднократна парична помош на лица со попреченост |

| 9. | **Посета на Геронтолошкиот завод 13-ти Ноември, оддел „Мајка Тереза“ - Злокуќани** |
|---|---|
| **Опис на активности:** | Посета на штитениците во старскиот дом со Градоначалникот и општинската администрација<br>Пригодна културно забавна програма организирана од дечиња од една општинска детска градинка.<br>Пригодни подароци за штитениците. |

| | |
|---|---|
| **Стратешки насоки и цели:** | Психо-социјална поддршка.<br>Грижа на општината за старите лица |
| **Очекувани резултати:** | Намалување на чувството на осаменост |
| **Целна група:** | Штитеници на Домот |
| **Предвидена финансиска рамка:**<br>**Реализатор:** | **60.000,оо денари**<br><br>Општина Карпош |
| **Трошоци:** | -лични пакети со кондиторски продукти за лицата сместени во домот |

| **10.** | **Посебен превоз за стари лица и лица со попречености со посебно опремени наменски возила.** |
|---|---|
| **Опис на активности:** | Посебен превоз за стари лица и лица со попречености со посебно опремени наменски возила.<br>Наменските возила можат да се користат за превоз на корисници, кои не се во можност, самостојно да обезбедат превоз за користење на здравствена, социјална, или друга административна услуга, заради:<br>-старост;<br>-болест;<br>-неможност или потешкотии, при самостојно движење;<br>-имаат потреба од придружник (негувател/личен асистент), врз основа на наод на стручно лице за потребата од користење на услуги во домот, поради здравствената состојба во која се наоѓаат, а се работи за неживотно загрозувачки ситуации. |
| **Стратешки насоки и цели:** | Основна цел на проектот е подобрување на квалитетот на живот и секојдневното функционирање на стари, болни лица и лица со попреченост |
| **Очекувани** | Креирање на подобри услови за живот и надминување на бариерите во секојдневното функционирање на старите, болни и |

| | |
|---|---|
| **резултати:** | изнемоштени лица и лицата со попреченост |
| **Целна група:** | -стари лица<br>-болни и изнемоштени лица<br>-лица со попреченост |
| **Предвидена финансиска рамка:** | **750.000,оо ден** |

| **11.** | **ЧЛЕНСТВО на Општина Карпош во Европската агенција за хигиенско инженерство и дизајн (EHEDG) - Франкфурт, Германија** |
|---|---|
| **Опис на активности:** | Општина Карпош е член на EHEDG (Европското тело за хигиенски инженеринг и дизајн) Веќе десет години е и членка на GHI (Global Harmonization Initiative). Како член на овие две Организација има привилегии да учествува на конференции, конгреси и манифестации од научен карактер од областа на безбедност на храната, нутриционизмот и здравјето по повластени цени. |
| **Стратешки насоки и цели:** | Одржување семинари и обуки наменети за овластеното лице за контрола и безбедност на храна со цел унапредување на здравството. Објавување на публикации и научни и стручни трудови. Контакти со домашни и странски фирми со цел заедничка соработка. |
| **Очекувани резултати:** | • Унапредување на работата на ОУ и ЈУОДГ од здравствен аспект.<br>• Промовирање на Општината во светски научни рамки. |
| **Целна група:** | Децата и граѓаните на Општина Карпош |
| **Годишна членарина:**<br>**Реализатор :** | **30.500,оо денари**<br><br>EHEDG (Европско тело за хигиенски инженеринг и дизајн - седиште во Франкфурт |
| **Трошоци:** | • Годишна членарина - **30.500,оо ден.** |

| 12. | **Развивање на социјални услуги на локално ниво** |
|---|---|
| **Опис на активности:** | Социјалните услуги се ориентирани кон помош во задоволување на нефинансиските потреби на поединецот и непреченото остварување на развојни и социјализаторски задачи кои понекогаш се нарекуваат лични социјални услуги, хумани социјални услуги или услуги за социјална нега. |
| **Стратешки насоки и цели:** | Социјални услуги кои ќе се обезбедуваат во Општина Карпош, а се во согласност со законот за социјална заштита се:<br>1.Со услугата Помош и нега во домот се обезбедува помош во вршење на основни и инструментални активности во секојдневниот живот за лица со намален функционален капацитет, кои не можат сами да се опслужуваат.Ова е со цел корисникот да се оспособи да продолжи да живее самостојно во својот дом и да води самостоен живот во заедницата.Непосредни даватели на услугата се лиценцирани негуватели.<br>2.Центар за стручна помош и поддршка на лица со попреченост и нивните семејства,во кој се обезбедуваат услуги на стручна помош и поддршка преку индивидуален третмани психосоцијална поддршка на децата со попреченост и нивните семејства преку примена на Монтесори методот и други современи терапевтски техники.<br>3.Центар за дневен престој за лица со попреченост кој обезбедува дневно згрижување, лична хигиена, дневни активности за стекнување на животни и работни вештини и социјална поддршка на лицата со попреченост и нивните семејства. |
| **Очекувани резултати:** | -поддршка на ранливи групи<br>-промовирање на самостоен и пристоен живот |
| **Целна група:** | Жители на Општина Карпош |
| **Предвидена финансиска рамка:**<br>**Реализатор :** | Нема финансиски импликации<br>Општина Карпош во партнерство со лиценцирани даватели на социјални услуги |

| | |
|---|---|
| **Трошоци:** | Нема финансиски импликации<br>• |

ДЕТСКА ЗАШТИТА

| 13. | **Одбележување на Светскиот ден на здравата храна -16 Октомври под мотото „Здрави вкусови, за мали јунаци "** |
|---|---|
| **Опис на активности:** | Во четирите градинки на територијата на Општина Карпош од почетокот на годината па се до месец октомври ќе се реализираат низа креативни активности и работилници со кои се развива свеста за значењето на храната.Овие активности ќе бидат презентирани во вид на кратки видео презентации на завршен настан во една од градинките.<br>Комисија формирана од по еден преставник од градинките и двајца вработени во Одделението за детска, социјална и здравствена заштита ќе одлучува за тоа која од градинките била најуспешна во реализирање на активностите. |
| **Стратешки насоки и цели:** | Развивање на здрави животни навики од најрана возраст, интегрирање на темата за здрава исхрана во воспитно образовниот процес и подигање на свеста кај родителите за значењето на здравата исхрана |
| **Очекувани резултати:** | Развивање на здрави навики и позитивен однос кн исхраната, воочување на придобивките од консумирањето на здравата храна, поттикнување на самостојност и одговорност кај децата. |
| **Целна група:** | -персонал во градинките<br>-децата и нивните родители |
| **Предвидена финансиска рамка:<br>Реализатор:** | Нема финансиски импликации<br>Општина Карпош и детските градинки |

| 14. | **Обуки за прва помош** |
|---|---|
| **Опис на** | Реализирање на едукации и обуки за 100 лица,воспитувачки и негователки од градинките на територијата на Општина Карпош. |

| | |
|---|---|
| **активности:** | Обуките би ги реализирал соодветен Центар за прва помош со обучени тимови составени од (координатор, доктор и администратори ) согласно законските регулативи. |
| **Стратешки насоки и цели:** | Првата помош треба да биде дел од секојдневието бидејќи се применува во секој сегмент од животот ( дома , на работа ,на училиште, во градинка, на улица ).Поради тоа и во согласност со законските регулативи неопходна е соодветна обука. |
| **Очекувани резултати:** | Стекнување на знаења за пружање на соодветна прва помош во случај на потреба. |
| **Целна група:** | Вработените во градинките |
| **Предвидена финансиска рамка:** **Реализатор:** | 150.000 денари<br><br>Центар за прва помош |

| 15. | **Мапирање на пристапноста и инфраструктурата за лица со попреченост** |
|---|---|
| **Опис на активности:** | Одделението за детска, социјална и здравствена заштита во соработка со урбаните и месните заедници , преку теренски активности ќе изврши увид на пристапноста пред градинките, училиштата и јавните институции.<br>Овие податоци ќе бидат сумирани и изготвен извештај со кој јасно ќе се утврдат следните чекори во процесот на подобрување на пристапноста . |
| **Стратешки насоки и цели:** | Целта на оваа активност е собирање на податоци и мапирање на бариерите со кои се соочуваат лицата со попреченост во местото на живеење. |
| **Очекувани резултати:** | Подобрување на квалитетот на живот и секојдневно функционирање на лицата со попреченост и чекор напред на Општина Карпош кон подостоинствен живот на овие лица како дел од заедницата. |
| **Целна група:** | Лица со попреченост |
| **Предвидена** | Нема финансиски импликации |

| | |
|---|---|
| **финансиска рамка:**<br>**Реализатор:** | Општина Карпош |

| **16.** | **„ Итно копче “** |
|---|---|
| **Опис на активности:** | Со оваа услуга се опфатени лица над 65 годишна возраст од Скопје кои живеат сами, лица кои се корисници на услугата “Помош и нега во домот” и други изнемоштени лица кои живеат сами.Корисниците можат оваа услуга да ја користат во своите домови, преку притискање на кочето ( аларм уредот ) на уредот за комуникација, секогаш кога ќше се најдат во состојба за која е потребна итност во постапувањето, односно давање прва помош и поддршка при повреда.<br>Услугата Итно копче на корисниците им нуди:<br>• 24/7 поддршка секогаш кога ќе се најдат во состојба за која е потребна итност;<br>• Обучени и пријателски лица кои се грижат за нивната добросостојба;<br>• Прва помош и прва психолошка помош;<br>• Бесплатно одржување на уредот во случај на технички дефект;<br>• Дневна техничка поддршка на аларм-уредите;<br>• Транспорт до соодветната здраствена установа со посебни возила.<br><br>Во случај на итност тимот кој постапува е составен од обучени професионалци, кои се грижат за своите корисници. |
| **Стратешки насоки и цели:** | Подобрување на квалитетот на живот на старите и изнемоштени лица кои живеат сами |
| **Очекувани резултати:** | Оваа услуга е насочена кон помош и поддршка на лица ( мажи и жени ) ,повозрасни жители на Општина Карпош како и кон унапредување на социјалните услуги со цел насочена кон потребите на социјално ранливите категории |
| **Целна група:** | Жители на Општина Карпош од повозрасна категорија ( над 65 години ) , со приоритет на лицата кои живеат сами, кои претходно |

| | |
|---|---|
| | изразиле интерес за нејзино користење и се избрани како корисници на истата а по принципот „ прв дојден ,прв услужен ‘‘ и имаат потпишано договор за користење на услугата. |
| **Предвидена финансиска рамка:**<br>**Реализатор:** | 220.000,оо денари<br><br>Општина Карпош |

| **Вкупна сума** | **9.540.500,00 денари** |
|---|---|

**Вкупна предвидена финансиска рамка: 9.540.500 ,00 денари**

## III. Финансирање

Финансирањето на активностите утврдени со оваа Програма во износ од 9.540.500,00 денари е предвидено со Буџетот на Општина Карпош за 2026 година.

За активностите од областа што ги опфаќа Програмата, а кои согласно потребите ќе се појават во текот на 2026 година ќе бидат предвидени дополнителни финансиски средства од Буџетот на Општина Карпош.

## IV. Завршни одредби

Одделението за детска, социјална и здравствена заштита со Секторите за Финансии и Јавни набавки ќе изработат динамички план со финансиски и временски рамки за полесно имплементирање и следење на реализирањето на предвидените активности во рамките на оваа Програма. Покренувањето на нови иницијативи, како и давање мислења и предлози заради остварување на целите на Програмата може да биде дел од било кој Сектор на Општината во непосредна соработка со Секретарот и Градоначалникот.

Број: 09-11690/15
Датум: 26.12.2025 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ
Христо Саракинов